# Living the Lotus 4

## Buddhism in Everyday Life

2025
VOL. 235





Rissho Kosei-kai of Brazil

Living the Lotus
Vol.235 (Април 2025)

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Верувајќи и следејќи

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Значењето на вербата

Денот кога Шакјамуни бил роден е многу значаен за тие кои веруваат во Будините учења, и затоа во Јапонија, церемонијата на славење на неговото раѓање претежно се одржува на 8-ми Април.

Во оваа хаику од Сумио Мори,[1] 'На денот на моето раѓање, / Јас бев исто толку мал - / Бушо-е,' "Бушо-е" е име за церемонија која го слави раѓањето на Шакјамуни – истата како Канбутску-е, Ханаматсури, и Готан-е церемониите. Во оваа хаику, ние можеме да почуствуваме колку трогнат Мори бил на денот на Бушо-е, кога тој турал сладок чај преку статуата на Бебето Буда во храмот ханамидо[2], и сликата на Бебето Шакјамуни го потсетувала него на неговото сопствено раѓање, правејќи го него одненадеж да осознае дека тој, исто така, го имал примено истиот драгоцен живот како Шакјамуни.

Шакјамуни открил, во објавата направена при неговото раѓање, дека 'Јас Самиот сум почитуван, на небото и на земјата,' и слично, Основачот Нивано ни кажал дека 'ва шата способност длабоко да го цените и да се чувствувате благодарни за драгоценоста на примање живот како човечко битие' додека исто чувствувајќи чувство на сигурност и знаејќи дека 'вашиот ум секогаш комуницира со Будиниот ум и вие дишете заедно . . . е умот на вербата.' Заради тоа, навистина е прекрасно дека, преку таквата Готан-е церемонија како Годишнина на Раѓање на Шакјамуни, толку многу луѓе можат да ценат и да бидат благодарни за светоста на нивните сопствени животи и животите на другите.

Понатаму, Основачот Нивано исто истакнал дека 'вербата нé подучува нас на вистинскиот начин на живот за човечките битија.' Ова значи дека вербата – религијата – нé подучува нас на основите на човечкиот живот и духовност и како ние треба да живееме, и јас мислам дека најосновното помеѓу тие основи е знаењето на светоста на нашите сопствени животи и бивање благодарен за бивање роден како човечко битие.

Кога ние ги чуваме цврсто на ум вистините на страдање (кои се, раѓање, стареење, болест, и смрт, симболизирано преку починувањето на мајката на Шакјамуни, Маја, седум дена после неговото раѓање), непостојаноста (дека сите нешта во овој свет постојано се менуваат), и несопство и празнина (дека сите појави се взаемно поврзани преку делувањето на причина и услов), ние гледаме дека вистинскиот начин на живот за човечките битија е понизно да ги прифати нештата такви какви што се и да живее во хармонија со другите.

## Бистра глава во променливи времиња

Личност на верба имал разговор дома за таканаречени 'илегални работни места' кои станале социјален проблем во последните години. Кога таа личност ја прашала нивната ќерка 'Зошто младите луѓе се ОК во извршување кражба или убиство?' таа сосема природно одговорила 'Затоа што тие немаат верба, нели!?'

Кога вербата прави ние да ја осознаеме светоста на нашите и животите на другите, и кога ние разбираме дека никој од нас не живее само преку нашите сопствени напори, тоа го разбудува во секој умот на обзирност и желба да се помогне на другите, што не само не сопира да правиме лошо, туку исто ни помага да направиме основен пат во животот кој ни овозможува да бидеме љубезни кон другите, зар не? – и јас чувствувам дека таквата свесност е видлива во зборовите на ќерката, која била воспитана во плодна земја на фамилија на верба.

Сепак, ова сигурно не значи дека ако имате верба, вие никогаш нема да направите нешто лошо, или дека преку вербата, вие ќе бидете способни да избегате од сиромаштија или болест. Тоа значи дека преку верување во и следење на светите учења кои ни го покажуваат вистинскиот начин на живот – религија – ние можеме да научиме многу нешта и да се стремиме да се подобриме себеси како човечки битија.

Во овие времиња на зголемена разновидност, речено е дека општеството има груб поглед на религијата и вербата. Сепак, длабоко во срцата на луѓето, таму абсолутно постои желбата да се знае, да се научи, и тогаш да се расте од учења во кои може да се верува и потпира како основа за живот, и заради тоа, јас мислам дека сите луѓе се веќе 'верници' во религија.

Имајќи го ова на ум, тоа што сега е најважно е да не се обидуваме со некој бистар трик, туку да комуницираме со другите со искрено сочувство и преку обзирност која е основа на Буда патот, и да станеме поединци кои можат да им обезбедат на другите емоционална поддршка во тешките времиња. Ако тоа носи неизразливо чувство на мир на умот, тогаш вродено поседувајќи го умот на вербата, секој природно ќе биде воден кон вистинскиот начин на живот.

(Од *Косеи*, Април 2025)

Белешки
1 Сумио Мори (1919-2010) бил познат Јапански хаику поет,
награден со Јомиури награда за поезија (1977) и Дакотсу награда (1987).
2 *Ханамидо* мал павиљон/ светилиште кое е сместено во областа на храмот.
Види: https://ibc-rk.org



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Поддржувајќи го општеството и поддржувајќи ја културата

### Нивано Фондацијата за Мир

Мирољубиво општество неможе да биде креирано само со иницијативата на една земја или кооперација помеѓу религии или со моќта на политиката и економијата. Ние можеме да кажеме дека тоа е изградено преку кооперирање со луѓе кои работат за мир во различни полиња, како едукација, култура, наука, и идеи. Нивано Фондацијата за Мир била установена базирано на овој принцип.

Нивано Фондацијата за Мир, базирана на религиозен дух, се ангажира во мировни активности во различни полиња кои допринесуваат за подобрување на општеството. Нејзината повелба е о 1978 како еден од проектите при комеморација на четириесет годишнина од основањето на Ришо Косеи-каи.

Фондацијата ја утврдила Нивано Наградата за Мир во чест и охрабрување на луѓето или организациите кои се посветуваат себеси да ре шат конфликти или проблеми преку заеднички напори со луѓето од различни религии. Наградата се доделува на поединец или организација секоја година.

Фондацијата е исто активна во други области, како што се награди како грантови за поддршка на организации кои извршуваат истражување и обезбедуваат активности да негуваат мир, како што се одржување на симпозиуми и промовирање културна размена со луѓето низ светот.







**Дали знаевте?**

Во Мај секоја година, кога Нивано Наградата за Мир има презентациона церемонија која се одржува во Токио, постои дијалог помеѓу Претседателот Нивано, почесен претседател на фондацијата, и примачот на наградата. Тие дискутираат за важноста на прифаќање на разликите помеѓу нациите, културите, и религиите и се стремат кон реализација на мир.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

## Школско образование



Ришо Косеи-каи ја основал Косеи Гакуен, коорпорација за едукација, во 1954 да негува луѓе кои се внимателни кон другите. Косеи Гакуен раководи две градинки и две комбинирани основни и средни школи, кои се одделени во школи за момчиња и девојчиња.

Ришо Косеи-каи исто ја основал Косеи Гакурин, друга коорпорација за едукација, за тие кои имаат завршено средно ниво на едукација. Тоа ги управува Хоју Стручен Колеџ, кој едуцира студенти базирани на учењата на Будизмот. Тоа стреми да негува студенти кои покасно ќе допринесат на општеството преку правење на најдоброто од нивните лични способности.

## Косеи Гагаку-каи (Јапанска класична музика и играорна група)



Дали ги знаете музичките инструменти наречени схо (полифоничен, слободен орган усна трска), хицхирики (двојна трска, вертикална флејта), и рјутеки (странично-дувачка бамбусова флејта со седум дупки)? Тие се традиционални Јапански музички инструменти употребени во Гагаку, Јапанска класична музика, историски употребени да изведуваат музика и танци на царскиот двор, и тие имаат историја од преку дванаесет стотици години. Косеи Гагаку-каи ја служи улогата на пренесување на Гагаку на луѓето во денешно време.

Косеи Гагаку-каи била инагуирана во 1950. Таа изведува музика на поводи како церемонијата на Ришо Косеи-каи, одржана при Големата Света Сала, и на нејзините редовни концерти. Таа исто нуди перформанси кон боговите и будите при светилиштата и храмовите. Повеќе од тоа, таа промовира традиционални Јапански изведувачки уметности прекуморе – во Париз, Франција; Лос Ангелес, Соединети Држави; и Ванкувер, Канада.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба

# За да се поврзете со другите, научите да ги сакате луѓето кои не ги сакате

## Допаѓањата и недопаѓањата ја покажуваат нашата само-усмереност

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Ајде да кажеме дека после почнување на нова работа или бивање преместен оваа пролет, вие имате сега поминато околу три месеци на вашето ново работно место. Ова е времето кога вие можете да почнете да развивате чувства на допаѓање и недопаѓање во вашите релации со вашите шефови и колеги. Додека е фино да се допаѓаат другите, развивањето на недопаѓање за луѓето може да биде проблематично. Не само што тоа може да биде извор на стрес, туку кога си велите себеси 'Мене не ми се допаѓа таа личност' или 'Не ја сакам таа личност,' тоа може да биде доволно да го стесни опсегот на вашиот свет. Заради тоа, вие треба да се обидете да избегнете развивање на недопаѓање кон другите и да најдете начини да почнете да бидете наклонети кон нив.

Затоа што допаѓањата и недопаѓањата се работи на емоции, преобратувањето на нив е тешко – но не е невозможно. Тоа е затоа што човечкиот ум е изненадувачки лесен за менување. Само помислите на тоа. Дали можете да промените железо во злато? Дали можете да промените дрво во алуминиум? Споредени со тие, умот е извонредно адаптибилен.

Па, како вие можете да научите да ги сакате луѓето кои не ги сакате? Јас верувам дека постојат три основни пристапи.

Првиот пристап е да се осврнете на себеси. Во голем дел, нашите допаѓања и недопаѓања извираат од нашата сопствена само-усмереност. Важно е да се земе ова во обзир внимателно. На пример, ние имаме тенденција да ги отпишеме луѓето кои зборуваат оштро со нас и да не ни се допаѓаат, но нивните оштри зборови можат да бидат драгоцени учители, откривајќи недостатоци и пропусти кои ние можеби не би ги приметиле. Заради тоа, првиот чекор во учење да се сакаат тие кои не ги сакаме е да направиме напор да ги промениме нашите сопствени погледи. Додека вие се променувате, другата личност природно ќе се промени исто така. Јас можам да го речам ова со увереност, базирано на моето искуство на комуникација со стотици илјадници на членови на Ришо Косеи-каи.






# A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

facebook

X

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp